РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-107/2
26.01 2023 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 84 став 1 од Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонијабр. 37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008; 161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 113/2014; 56/15; 129/15; 147/15; 154/15; 27/16; 119/16; 21/18; 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19 и 103/21) и Програма за извршување на јавни работи на општина Пробиштип за 2023 година, бр. 26-1072/28 од 24.11.2022 година од Советот на општина Пробиштип, распишуваме:

# ЈАВЕН ОГЛАС
## За работно ангажирање на работници по Програма за извршување на јавни работи

Општина Пробиштип има потреба од работно ангажирање на 7 работници за време од единаесет месеци со скратено работно, за извршување на работи од јавен интерес на територијата на општина Пробиштип, а кои се однесуваат на одржување и уредување на јавни површини и инфраструктурни објекти согласно Акцискиот план за вршење на јавните работи.

Заинтересираните кандидати потребно е да достават:

-Пријава и

- Потврда од Агенцијата за вработување дека се невработиени ,

Огласот трае 5 денови од денот на објавувањето.

Очекувана паричен надоместок за извршената работа: 9.000 денари месечно во нето износ.

Ангажираните работници ќе бидат осигурани во случај на несреќа при работа и професионално заболување .

Пријавите се доставуваат директно во Архивата на општина Пробиштип .

Изготвил, Јованка Данева

Општина Пробиштип
Градоначалник
Драган Анастасов

ДО
ОПШТИНА ПРОБИШТИП

# П Р И Ј А В А

за работно ангажирање по Програмата за јавни работи

Од ____________________________________________

Адреса ____________________________________________

Образование ____________________________________________

Број на лична карта ____________________________________________

Телефонски број ____________________________________________

Во врска со распишаниот јавен оглас за работно ангажирање на работници за извршување на јавни работи согласно Програмата за јавни работи на Општина Пробиштип за 2022 година, се согласувам да работам согласно планираните активности заради што се пријавувам и барам да бидам ангажиран.

За таа цел ги поднесувам следните документи:

- пријава
- потврда од Агенција за вработување

Датум

____________________

Име, презиме и потпис

______________________________